*Александар ПАВЛЕСКИ*

***УДК: 355.02:355.43(4-672ЕУ);***
***355.45:341.171(4-672ЕУ:100)***
Прегледен труд

# СТРАТЕШКИОТ ПРИСТАП НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА КОН БЕЗБЕДНОСТА

***Кратка содржина:***

*Во текот на изминатите три децении, Европската Унија иницираше широк спектар на активности насочени кон нејзино пролиферирање како сериозен и почитуван безбедносен актер. Имено, во 1993 година, Унијата ја усвои Заедничката надворешна и безбедносна политика, потоа, во 1998 година, ги постави темелите на Европската безбедносна и одбранбена политика, додека во 2003 година, ја усвои и првата безбедносна стратегија, која практично го означи почетокот на развојниот процес на нејзиниот автохтон стратешки пристап во безбедносната сфера. Тргнувајќи од значењето кое стратешките документи го имаат при дизајнирањето на безбедносните пристапи (на национално, регионално и меѓународно ниво), вниманието во овој труд е насочено кон подетална анализа на стратешкиот пристап на Европската Унија на овој план. Оттука, фокусот е посебно ставен на истражување на трите главни стратешки документи (усвоени во 2003, 2016 и 2022 година), со кои Унијата го дизајнира својот стратешки пристап и одговор во однос на динамичната и предизвикувачка безбедносна средина. Намерата е да се креира јасна перцепција и поспецифично разбирање на еволутивниот карактер на стратешкиот пристап на ЕУ кон безбедноста, со посебен осврт на главните предизвици и перспективи во овој контекст.*

***Клучни зборови:*** *Европска Унија, стратегија, безбедност, одбрана, закани*

**Вовед**

Она што денес претставува широко прифатено конвенционално стојалиште на науката и струката во однос на поимното значење на стратегијата, е тоа дека таа претставува план за развој, преку кој се остваруваат намерите со насочување на ангажманите на поединците, установите и институциите. Или поконкретно, стратегијата е акциски план за развој заради постигнување на некоја цел, со примена на широк спектар на мерки и активности и преку конкретно насочување на силите (Нацев, Петрески, 2013).

Во нејзината суштина лежи идејата за виртуелно или за реално насочување на моќта на државата или сојузот за заштита и за остварување на највисоките национални и колективни вредности и за постигнување на проектираните цели во мир и војна. Сепак, во својот најширок контекст, стратегијата ги одразува идните напори засновани на прифатливи претпоставки, преку препознавање и прифаќање на идните предизвици, на моменталното знаење и на минатото искуство. Затоа, позициите на стратегијата претставуваат основни норми за практично дејствување и управување со идните настани и предизвици. Од друга страна, тоа, секако не треба да се прифаќа како догма, туку како идеја чија имплементација континуирано ќе се следи, а знаењето стекнато во текот на тој процес треба да биде основа за евентуална корекција на некои од почетните позиции и решенија.

Новите перцепции за европската безбедност јасно укажуваат на постоење на длабоки промени на глобалната политичко-безбедносна сцена, вклучително и на самата природа на безбедносните закани и ризици. Суштината на проблемот во овој поглед е што заканите и ризиците секогаш не се перципираат и доживуваат подеднакво од страна на земјите членки на Унијата.

Ваквата ситуација иницира дополнителни предизвици за единството на Унијата во однос на можните и на понудените одговори и инструменти за управување со специфични кризи. Конкретна потврда за ова, меѓу другото се и различните пристапи на земјите членки во однос на одговорот на ЕУ на мигрантската криза, како и во однос на актуелната руска агресија врз Украина.

Во рамките на овој труд, фокусот е ставен на анализа на досегашните главни стратешки документи на ЕУ во безбедносната сфера. За таа цел, трудот, конкретно ги истражува безбедносните стратегии на ЕУ, усвоени во 2003, 2016 и 2022 година, со посебен осврт на карактеристиките на безбедносното опкружување, на безбедносните проценки и проекции, како и на утврдените насоки и инструменти за нејзино дејствување на овој план.

**Побезбедна Европа во подобар свет**

Крајот на XX и почетокот на XXI век го карактеризираат три клучни аспекти во однос на прашањето за безбедносниот идентитет и за развојот на безбедносната улога на ЕУ. Имено, во 1991 г. во Мастрихт, земјите членки ја креираа Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП) како меѓувладин втор столб на Договорот за Европската Унија (ДЕУ). Потоа, почнувајќи од 1998 г. тие го развиваат и безбедносниот аспект на оваа политика преку Европската безбедносна и одбранбена политика (ЕБОП), во чии рамки беше усвоен и првиот план за воспоставување на автохтони Европски сили за брза реакција (Хелсинки, 1999 г.), со што практично почна развојот на потребните институционални структури за поддршка на нејзиното спроведување. Во декември 2003 г., земјите членки ја усвоија првата безбедносна стратегија на ЕУ, насловена како: „Побезбедна Европа во подобар свет", што иницираше дополнителен импулс и значење во однос на почнатиот пристап за концептуализирање на безбедносната улога на ЕУ.

Всушност, самото усвојување на Стратегијата се перципира како почеток на унапредување на темелите за понатамошен развој на Заедничката надворешна и безбедносна политика, а оттука и како почеток на процесот за надминување на претходните перцепции за ЕУ, првенствено како „цивилен актер" (Aggestam, 2008). Во тој контекст, Стратегијата нагласува дека: „...Европа треба да биде подготвена да ја сподели одговорноста за глобалната безбедност и во градењето подобар свет...", главно преку свое поактивно ангажирање засновано на: „.. целиот спектар на достапни инструменти за управување со кризи и спречување конфликти, вклучувајќи политички, дипломатски, воени и цивилни, трговски и развојни активности..." (Европска безбедносна стратегија (European Security Strategy (ESS), 2003).

Посочената стратешка проекција јасно ја истакнува тенденцијата за позиционирање на ЕУ како глобален актер, т.е. како актер кој ќе биде подготвен да даде соодветен придонес кон глобалната безбедност, а во исто време и актер способен да надмине некои од дотогашните дилеми со кои Унијата се соочи на овој план. Конкретно, станува збор за потребата од репозиционирање на ЕУ, особено по терористичките напади и новото безбедносно опкружување по 11 септември 2001, потоа, во однос на потребата за надминување на јазот што се појави помеѓу членките на ЕУ и САД во контекст на намерата за формулирање на посебен европски одбранбен идентитет и политика, како и во однос на потребата за надминување на стратешката фрагментација која се појави во самата ЕУ, посбено за време на ирачката криза (Van Ham, 2004).

Дополнително, она што ја направи оваа безбедносна стратегија уште порелевантна, е перцепцијата дека таа конечно претставува заеднички одговор на земјите членки кон проценка на моменталните безбедносни ризици и кон утврдување на начините за справување со нив. Всушност, низ

призмата на три дела, Стратегија ги опфаќа следниве значајни аспекти: 1) анализа на актуелното безбедносно опкружување; 2) идентификување на стратешките цели; и 3) анализа на политичките импликации за Унијата.

Во однос на безбедносното опкружување, Стратегијата ги препознава позитивните, но и негативните аспекти на процесот на глобализација. Во однос на позитивните аспекти, развојот на трговијата, инвестициите и технологијата, како и ширењето на демократијата, се перципираат како фактори со позитивно влијание врз слободата, напредокот и развојот. Од друга страна, негативните аспекти на процесот на глобализација во согласност со Стратегијата првенствено се перципирани и како главна причина за своевидни разочарувања и неправда. Имено, зголемувањето на сиромаштијата, појавата на болести, конкуренцијата за ограничени ресурси и глобалното затоплување, се истакнати како фактори кои имаат сериозно влијание врз безбедноста на земјите членки и на самата ЕУ.

Посочените процеси и динамики директно ја зголемуваат меѓузависноста на земјите членки, а воедно иницираат и зголемена ранливост на меѓусебно поврзаните структури првенствено во транспортот, енергетиката и информациите. Имено, според Стратегијата од 1990 година, речиси 4 милиони луѓе, од кои 90 % биле цивили, загинале во војни, додека 18 милиони луѓе ги напуштиле своите домови како резултат на конфликти (ESS, 2003).

Во однос на прашањето за енергетската безбедност, посочено е дека енергетската зависност од нафта и природен гас, од моменталните 50 %, ќе се зголеми на 70 % до 2030 година. Дополнително, Стратегијата јасно ги препознава и проблемите со кои првенствено се соочуваат земјите во развој, како што се сиромаштијата и болестите, појавата на нови пандемии, за кои проценката е дека можат да прераснат во глобална закана. Токму, појавата на КОВИД-пандемијата во 2020 година, претставува конкретна потврда за правилната стратегиската процена во однос на посоченото прашање.

Тргнувајќи од претпоставката дека агресија од големи размери против која било од државите членки на ЕУ е невозможна во конкретниот период, Стратегијата укажува на променетите карактеристики на заканите, кои стануваат: посложени, помалку препознатливи и потешки за предвидување. Во овој контекст, Стратегијата идентификува пет клучни безбедносни закани.

Тероризмот е препознаен како растечка стратешка закана за цела Европа. Таквата закана е поттикната од голем број сложени фактори, вклучувајќи ги притисоците од модернизацијата, културните, социјалните и политичките кризи и маргинализацијата на младите луѓе во различни општества (ESS, 2003). Оттука, Стратегијата проценува дека европските земји се цели, но и бази за појава на тероризам, што ја наметнува потребата од заедничка европска акција против оваа закана.

Оружјето за масовно уништување претставува најголемата потенцијална закана за безбедноста на Унијата. Проценката во овој контекст е дека можноста за пристап и употреба на такво оружје од страна на терористички групи е најлошото можно сценарио. Оттука, активноста на Унијата кон оваа закана е дополнително регулирана со Стратегијата на ЕУ против ширењето на оружје за масовно уништување (2003). Таа предвидува две нивоа: прво, зајакнување на мултилатералните договори за неширење и унапредување на режимите за контрола и верификација, решавање на тензиите и споровите кои произлегуваат од оваа област преку политички решенија и преку регионални договори за контрола на оружјето и разоружување, и второ, само доколку споменатите мерки се неуспешни, употреба на принудни мерки во согласност со Поглавје VII од Повелбата на ООН и со меѓународното право (Георгиева, 2010).

Регионалните конфликти во меѓународната заедница (Кашмир, регионот на Големите Езера, Корејскиот Полуостров), како и оние во соседството на ЕУ, директно или индиректно влијаат врз европските интереси. Покрај тоа што предизвикуваат човечко страдање, уништување на социјалната и физичката инфраструктура, кршење на основните слободи, човековите и малцинските права, тие се идентификуваат и како извор на екстремизам и тероризам, што пак, доведува и до распад на државите.

Колапсот или распаѓањето на државите како следна закана е последица на лошото владеење и корупцијата, на злоупотребата на сила, на неефикасните и слаби институции, недостатокот на одговорност и на граѓанските конфликти, кои одвнатре ги еродираат државите, додека организираниот криминал како петта закана се перципира како внатрешна закана за стабилноста на членките на ЕУ, со јасни надворешни димензии: прекугранична трговија со дрога, жени, нелегални мигранти и оружје.

Врз основа на проценките на безбедносното опкружување и на идентификуваните закани, Стратегијата, во рамките на третиот дел утврдува три стратешки цели: 1) справување со заканите; 2) градење безбедно соседство; и 3) воспоставување меѓународен поредок заснован на ефективен мултилатерализам. Во однос на првата стратешка цел, стратешкиот фокус е на иницијативите кои Унијата ги презема од почетокот на XXI век, т.е. кон:

- усвојување мерки во однос на борбата против финансирањето на тероризмот, како и за меѓусебна правна помош со САД, по терористичките напади на 11 септември 2001 год.;
- воспоставување програма за јакнење на Меѓународната агенција за атомска енергија, како и пружање поддршка за подобар и поефикасен меѓународен режим за контрола;
- преземање интервенции за справување со регионалните конфликти на Балканот, Авганистан и ДР Конго (Георгиева, 2015).

Во однос на претходно презентираното, Стратегијата потврдува дека наспроти големите и видливи закани карактеристични за периодот

на Студената војна, безбедносното опкружување во почетокот од XXI век го карактеризираат закани кои не се доминантно воени, ниту пак, истите можат да се менацираат исклучиво со воени средства. Оттука, претпоставката на Унијата е дека традиционалниот концепт на самоодбрана главно фокусиран на заканата од агресија, во новото безбедносно опкружување ја поместува првата одбранбена линија надвор од нејзините граници.

Во однос на втората стратешка цел, јасно е истакната потребата од креирање и развој на опкружување од демократски управувани земји кон Исток и кон Медитеранот. Притоа, прашањето за стабилноста на Балканот, јужниот Кавказ и Израелско-арапскиот конфликт, се дел од поширокото внимание на Унијата.

Последната стратешка цел е насочена кон воспоставување ефикасен мултилатерален систем, посилна меѓународна заедница и функционални меѓународни институции преку целосно почитување на меѓународното право. Пртиоа, Повелбата на ООН се истакнува како фундаментална рамка за развој на меѓународните односи, а Советот за безбедност, како тело со примарна одговорност за одржување на меѓународниот мир и безбедност. Соработката на ЕУ со НАТО, ОБСЕ и Советот на Европа, како и со други меѓународни организации е исто така идентификувана како значаен фактор во создавањето ефикасен мултилатерализам.

**Заедничка визија, заедничка акција: посилна Европа**

Глобалната стратегија од 2016 година (ЕГС), насловена како: Заедничка визија, заедничка акција: посилна Европа, претставува нова стратешка рамка за дизајнирање и водење на надворешната и безбедносната политика на ЕУ. Во однос на динамиката и опкружувањето кои ја иницираа потребата од усвојување на оваа стратегија, посебно се истакнуваат: сè поизразената неизвесност и нестабилност во поширокиот европски регион, глобаните притисоци, безбедносните тензии во Азија и на Блискиот Исток, директното влијание на постоечките кризи врз животот на европските граѓани, предизвиците по Британскиот референдум и климатските промени (A Global Strategy (GS), 2016).

Тргнувајќи од процената дека ниту една од постоечките држави членки на Унијата нема ниту капацитети ниту ресурси за самостојно справување со посочените предизвици, стратегискиот фокус е ставен на потребата за креирање нова заедничка визија и колективен одговор на овој план. Ваквата потреба дополнително е детерминирана и од аспект на обврската на Унијата за преземање јасна колективна одговорност во однос на пролиферацијата на нејзината глобална улога. Пртиоа, терминот „глобален актер“ во овој контекст нема само географско значење, туку истиот се однесува и на широкиот спектар на политики и инструменти кои Стратегијата ги промовира. Дополнително, таа подеднакво се фокусира како на воените капацитети и борбата против тероризмот, така и на можностите

за работа и прашањето за инклузивни општества и почитување на човековите права. Исто така, во стратегискиот фокус се и процесите за градење мир и за градење отпорност на државите и општествата, во и околу Европа.

Како резултат на ваквиот пристап, Унијата директно ја потврдува својата стратешка посветеност за продолжување на развојот и на примената на т.н. мека моќ. Сепак, истовремено е земен предвид и фактот дека новата еволуитивна реалност неизбежно ја наметнува потребата од примена на сеопфатен одговор, кој подеднакво се базира и на меката и на тврдата моќ. Потврда за тоа, меѓу другото претставуваат и 17-те активни воени и цивилни операции преземени од ЕУ, во перидот на усвојување на оваа стратегија.

Како во рамките на првата безбедносна стратегија, така и во оваа стратегија, ЕУ ја потврдува клучната важност на ефикасниот милтилатерализам и на соработката со ООН, НАТО и ОБСЕ. Сепак, паралелно со тоа, новата Стратегија дополнително ја нагласува и амбицијата за поголема стратешка автономија на Унијата. Тоа е посебно неопходно во контекст на понатамошното промовирање на заедничките интереси, принципи и вредности. Всушност, Стратегијата јасно потврдува дека посочените приоритети најдобро се постигнуваат само во рамките на меѓународен систем базиран на правила и ефективен мултилатерализам.

Значајно е тоа што сите клучни документи за ЗНБП и ЗБОП, од 2016 година се потпираат токму на Глобалната стратегија и на петте приоритети кои таа ги утврдува во однос на надворешното дејствување на Унијата. Станува збор за: 1) безбедност на ЕУ; 2) отпорност на државите и општествата кон исток и југ; 3) интегриран пристап кон конфликтите и кризите; 4) посилни субјекти и поредоци за регионална соработка; и 5) глобално управување за XXI век (GS, 2016).

Во однос на првиот приоритет, како најсериозни безбедносни предизвици за вредностите и принципите на територијата на Унијата, идентификувани се: тероризмот, хибридните закани, економската нестабилност, климатските промени и енергетската несигурност. Затоа, развојот и поседувањето на соодветно ниво на стратешка автономија е посебно значајно за капацитетите на Унијата за промовирање мир и безбедност, како во сопствените граници, така и надвор од нив. Стратешкиот фокус на овој план е ставен на подобрување на активностите и на капацитетите во одбраната, кибербезбедноста, борбата против тероризмот, енергетиката и стратешките комуникации. Покрај тоа, се истакнува и важноста од промовирањето на меѓусебна помош и солидарност како помеѓу државите членки, така и во контекст на унапредувањето на придонесот на ЕУ кон колективната безбедност во Европа. Дополнително, истакната е и потребата за негување тесна соработка и со меѓународните партнери на овој план, посебно со НАТО.

Вториот приоритет се однесува на идентификуваната стратешка потреба за инвестиции на Унијата во процесите за градење отпорност на државите и општествата, источно кон централна Азија и југоисточно, кон централна Африка. Покрај тоа, Стратегијата ја потврдува значајноста на воспоставениот строг и фер пристап за европскиот интегративен процес на Западен Балкан и Турција, меѓу другото и како инструмент за унапредување на нивната отпорност. Како значаен инструмент во насока на реализацијата на вториот стратегиски приоритет, се посочува и потребата за развивање поефикасни миграциски политики како за самата ЕУ, така и за нејзините партнери.

Тргнувајќи од перцепцијата дека насилните конфликти претставуваат сериозна закана за заедничките витални интереси на Унијата, третиот приоритет ја истакнува стратешката потреба за поактивно, практично и принципиелно ангажирање на ЕУ во процесите за градење мир, како и во промовирањето на човековата безбедност преку интегриран пристап. Во овој контекст, посебно се нагласува важноста од примена на сеопфатен пристап кон конфликтите и кризите, генерално преку кохерентна употреба на сите достапни политики на Унијата. Овој сеопфатен пристап, меѓу другото, подразбира потреба од подобрување на капацитетите на Унијата за ефикасно дејствување во сите фази од конфликтниот циклус, т.е. брза акција за превенција, одговорен и решителен одговор на кризи и инвестирање во стабилизација и постконфликтна реконструкција.

Во однос на четвртиот приоритет, Стратегијата препознава дека во свет заглавен помеѓу глобални предизвици и локални отпори, регионалните динамики неизбежно доаѓаат до израз. Оттука, стратегиската процена е дека доброволните форми на регионално управување посебно нудат можности за државите и народите за подобро управување со безбедносните проблеми, како и за поефикасно искористување на економските придобивки од глобализацијата и поцелосно изразување на нивните култури и идентитети, а оттука и за проекција на нивното влијание на глобално ниво. Токму од тука произлегува и стратешката потреба за ангажирање на Унијата во поддршка на регионалната соработка ширум целиот свет.

Од аспект на последниот приоритет, стратешката проекција е дека ЕУ треба целосно да се посвети на градење и развивање поредок базиран врз меѓународното право, кој обезбедува почитување на човековите права, одржлив развој и траен пристап до заедничките глобални добра. Во овој контекст, фокусот е ставен на продолжување на целосната поддршка за ООН како основа на мултилатералниот поредок базиран на правила и како основа за развој на координирани глобални одговори, со вклучување на меѓународни и регионални организации, држави и кредибилни недржавни актери на овој план.

Како резултат на сето претходно презентирано за стратешките приоритети, неминовно се наметнува прашањето за можностите и начините за трансформирање на посочената стратешка визија во реалност, однос-

но во конкретна акција. Тука, Стратегијата пред сè ја нагласува потребата од колективно инвестирање во кредибилна, одговорна и обединета Унија, што дополнително би го зајакнало нејзиниот кредибилитет. Всушност, јасно е нагласено дека кредибилитетот на Унијата е директно детерминиран од нејзиното единство, од нејзините бројни досегашни достигнувања, како и од ефективноста и конзистентноста на нејзините политики и придржувањето кон идентификуваните вредности.

Понатаму, како значајна на овој план се истакнува и стратешката потреба за инвестиции во сите димензии на надворешната политика, со посебен акцент на инвестициите во областа на безбедноста и одбраната. Во овој контекст, јасно се идентификува потребата за подобрување на одбранбените капацитети на Унијата како инструмент за одговор на надворешни кризи, но и потребата за развој на капацитетите на нејзините партнери на овој план. Покрај тоа, Стратегијата потврдува дека земјите членки го задржуваат суверенитетот во своите одбранбени одлуки, но дека сè уште е потребно дејствување во насока на постигнување нормативен карактер на одбранбената соработка. Тука, стратешкиот фокус е ставен на создавање робусна европска одбранбена индустрија, процес што дополнително би го унапредил автохтониот пристап на Унијата во безбедносната и во одбранбената сфера, како на регионално, така и на меѓународно ниво. Дополнително, во овој контекст препознаена е и потребата за поголема кохерентност во надворешните политики, како меѓу државите членки, така и во рамките на самата институционална структура на Унијата.

## Стратешки компас за безбедност и одбрана

Речиси 20 години по усвојувањето на првата безбедносна стратегија во 2003 година и 6 години по усвојувањето на втората стратегија во 2016 година, во март 2022 година ЕУ го усвојува најновиот стратегиски документ, насловен како – Стратешки компас за безбедност и одбрана. Дизајниран како нова и современа стратешка рамка за надворешната и безбедносната политика на Унијата, во неговата суштина лежи визијата за способна и ефикасна Унија во заштитата на сопствените граѓани, вредности и интереси, како и за обезбедување нејзин значаен придонес кон меѓународниот мир и безбедност (A strategic Compass for Security and Defense (SCSD), 2022).

Во споредба со претходните две стратегии, забележлива е одредена промена во перцепцијата за постоечките предизвици и безбедносни ризици и закани, кои ги обременуваат актуелните безбедносни динамики, како на европско, така и на глобално ниво.

Конкретно, актуелната воена агресија на Русија врз Украина, како и новите динамични геополитички промени, директно ги предизвикаа капацитетите на Унијата за промоција и за заштита на заедничките вредности и интереси. Дополнително, покрај идентификуваните негативни аспекти од процесот на глобализацијата во првата стратегија од 2003, денес,

односите помеѓу државите сè повеќе се под влијание на интензивната стратешка конкуренција и сложеното безбедносно опкружување. Всушност, наспроти предвидувањата од почетокот на XXI век за намалување или дури и за целосно елиминирање на класичната воена закана за европскиот континент, сведоци сме дека по двете светски војни во текот на XX век, денес, на негово тло повторно се реализираат интензивни воени деструкции, проследени со сериозни хуманитарни страдања и последици. Паралелно со тоа, новите динамики сè повеќе ги иницираат и прашањата за економските и енергетските притисоци и влијанија.

Од друга страна, релевантноста на хибридните закани исто така значајно се зголемува, како по интензитет, така и по самото влијание кое го иницираат. Меѓузависноста станува сè почувствителна и конфликтна, а потврда за тоа меѓу другото се и прашањата за вакцините (за време на КОВИД пандемијата), технолошките стандарди и сл., кои стануваат инструменти на политичката конкуренција.

Ваквата динамична и тензична безбедносна средина, директно ја иницира потребата за подобрување на акциските капацитети на Унијата и за зајакнување на нејзината отпорност, како и за постигнување на соодветно ниво на солидарност и меѓусебна помош. Во овој контекст, новата Стратегија ја истакнува потребата за зголемување на присуството, ефективноста и видливоста на Унијата, како во соседството, така и на глобалната сцена, главно преку заеднички инвестиции и активности на тој план. Всушност, јасно се истакнува дека Унијата мора да дејствува како силен и кохерентен политички ентитет во заштитата и поддршката на вопоставените демократски вредности и принципи, во преземањето поголема одговорност за безбедноста на Европа и на нејзините граѓани, како и во поддршката на меѓународниот мир и безбедност (SCSD, 2022).

Затоа, фокусот во новиот стратешки документ е ставен на единството и посветеноста за заштита и одбрана на европскиот безбедносен поредок. Притоа, ставот на Унијата е дека суверенитетот, територијалниот интегритет и независноста на меѓународно признатите граници треба целосно да се почитуваат. Всушност, Стратегијата јасно ги истакнува силната поддршка на ЕУ за Украина во соочувањето со руската воена агресија и определбата за враќање на мирот во Европа, како процес што ќе се спроведува во соработка со партнерите. Исто така, таа потврдува дека НАТО продолжува да претставува основа за колективна одбрана на европските земји членки, додека ООН го претставува јадрото за почитување и промовирање на меѓународниот поредок.

Конкретно, Стратешкиот компас за безбедност и одбрана, насочен е кон реализација на следните четири цели:

- обезбедување заедничка проценка за стратешкото опкружување на ЕУ, како и за заканите и предизвиците и нивните импликации за Унијата;
- постигнување поголема кохерентност и унапредување на

заедничкото чувство и перцепција за целите на активностите во областа на безбедноста и одбраната, чија реализација е веќе во тек;

- определување нови начини и средства за подобрување на колективната способност на ЕУ за одбрана на нејзината и на безбедноста на нејзините граѓани;

- одредување јасни цели и инструменти за мерење на напредокот (SCSD, 2022).

Во однос на одговорот на Унијата на актуелните безбедносни закани и ризици, Стратегијата ја препознава потребата за брзо и робусно дејствување (самостојно или заеднички со партнерите), секогаш кога ќе се појави криза. Во овој контекст, целта е насочена кон зајакнување на цивилните и воените мисии и операции во рамките на ЗНБП, потоа, кон промовирање на брз и пофлексибилен процес за донесување одлуки, како и за обезбедување поголема финансиска солидарност. Дополнително, стратегиските проекции предвидуваат и развој на капацитет за брзо распоредување, кој ќе овозможи брзо распоредување до 5.000 војници во сложени опкружувања за менаџирање различни видови кризи.

Од аспект на прашањето за подобрување на способноста за предвидување на заканите и за заштита на граѓаните, истакната е важноста од подобрување на разузнавачките капацитети, на свеста за безбедносната ситуација и стратешката предвидливост, понатаму, од потребата за креирање ефикасен хибриден одговор на Унијата преку обединување на различни инструменти за откривање и реагирање на широк спектар на хибридни закани, како и потребата за понатамошен развој на политиката за кибердбрана и развој на вселенска стратегија на ЕУ за безбедност и одбрана.

Во контекст на прашањето за инвестициите, Стратегијата ја истакнува потребата од поголеми и подобри инвестиции во градењето капацитети и иновативни технологии, со цел да се пополнат постоечките стратешки празнини и да се намалат технолошките и индустриските зависности. Едно од решенијата во таа насока е предлогот за формирање нов Центар за иновации во одбраната во рамки на Европската агенција за одбрана.

Свеста за значајноста на мултилатерализмот и на соработката со партнерите е исто така составен дел и од оваа стратегија. Имено, јасно се нагласува потребата од зајакнување на соработката со партнерите, заради ефикасно справување со заедничките закани и предизвици. На овој план, особено е воочлива определбата за зајакнување на стратешките партнерства со НАТО и со ООН, преку иницирање поструктуриран политички дијалог и преку подобрена оперативна соработка. Паралелно со тоа, се истакнува и значајноста на процесот за подобрување на соработката со регионалните партнери, вклучувајќи ги првенствено: ОБСЕ, АУ/AU и АЈИАН/ASEAN (SCSD, 2022).

Во рамки на комплексното и динамично безбедносно опкружување, Стратешкиот компас идентификува неколку клучни безбедносни закани.

Тероризмот и насилниот екстремизам во сите нивни форми сè уште се препознаваат како сериозна закана за мирот и безбедноста, како во Европа, така и на глобално ниво. Притоа, главните потенцијални ризици во однос оваа закана се поврзуваат со домашните терористи, повратниците на странски борци, надворешните напади, т.е. напади насочени, поттикнати или инспирирани од странство, како и со пропагирањето идеологии и верувања кои водат до радикализација и насилен екстремизам.

Ширењето на оружјето за масовно уништување и на средствата за нивна испорака продолжува да се перципира како сериозна закана и во рамките на новата безбедносна стратегија. Сепак, спроредбено со Стратегијата од 2003 година, актуелниот Стратешки компас посебно ја истакнува загриженоста од развојот на нуклеарните програми на Северна Кореја и Иран, како и од развојот и испораката на нови напредни балистички, крстосувачки и хиперсонични ракети. Дополнителни грижи во овој поглед се јавуваат и поради натамошното проширување на нуклеарниот потенцијал на Русија и Кина и од нивниот развој на нови вооружени системи (SCSD, 2022).

Следни се безбедносните проекции поврзани со хибридните стратегии, киберзаканите, дезинформациските кампањи, вклучително и со директното мешање во изборните процеси и политиките на Унијата, економската принуда и нерегуларните миграциски текови. Станува збор за широк спектар активности кои ги преземаат и кои би можеле да ги преземат државни, но и недржавни актери и субјекти. Во овој контекст, посебно се истакнува ризикот од употребата на нови и деструктивни технологии од страна на конкурентите на Унијата, а со првенствена цел обезбедување на соодветни стратешки предности. Покрај тоа, во период на растечка зависност од дигиталните технологии, киберпросторот станува сè порелевантно поле за стратешка конкуренција, што вклучува и пософистицирани кибернапади. Затоа, напорите и фокусот треба да бидат насочени кон одржување на отворен, слободен, но во исто време и стабилен и безбеден киберпростор.

Последната и најнова безбедносна закана е поврзана со климатските промени, деградацијата на животната средина и природните катастрофи, за кои се проценува дека ќе имаат силно влијание врз безбедносниот пејзаж во наредните децении и кои како такви ќе бидат сериозни двигатели на нестабилност и конфликти ширум светот. Конкретни примери во овој поглед се „натпреварите“ за природни ресурси (посбено за земјоделско земјиште и вода), како и за експлоатацијата на енергетските ресурси за политички цели. Покрај тоа, се проценува дека глобалните здравствени кризи можат да наметнат значителни оптоварувања и последици врз општествата и економиите, со далекусежни геополитички импликации. Всушност, примерот со пандемијата КОВИД-19 јасно ги илустрира предизвиците од меѓународното соперништво и покажа дека прекините на клучните тргов-

ски инфраструктури можат да иницираат сериозни ризици за критичните синџири на снабдување и за економската безбедност.

Тргнувајќи од фактот дека сите горенаведени закани и ризици се повеќеслојни и честопати меѓусебно поврзани, ЕУ неминовно се соочува со потребата за зајакнување и удвојување на заедничките напори на сите земји членки заради обезбедување имплементација на заеднички и интегриран безбедносен пристап. Во овој контекст, дополнително се нагласува и важноста на дипломатските и економските инструменти, како и на нивното комбинирање во управувањето со тековните и во превенирањето на идните безбедносни ризици, закани и негативни динамики.

**Заклучок**

Анализата на трудот иницира неколку клучни заклучоци. Прво, нема сомнеж дека процесот на развој на безбедносната улога на ЕУ, кој започна во 90-тите години на минатиот век, првенствено со воспоставувањето на Заедничката надворешна и безбедносна политика во 1993, а потоа и со Европската безбедносна и одбранбена политика во 1998, значително се унапреди со усвојувањето на првата безбедносна стратегија на ЕУ во 2003 година. Всушност, нејзиното усвојување се оценува како почеток на јакнење на темелите за понатамошен развој на ЗНБП, но и за надминување на дотогашните перцепции за ЕУ, првенствено како цивилна сила.

Во овој поглед, Стратегијата иницираше дополнителен позитивен придонес во процесот на институционализирање на процедурите за донесување одлуки во областа на безбедноста и одбраната, како и во регулирањето на односите и соработката со другите безбедносни актери. Тоа, меѓу другото директно го потврдуваат и анализираните стратешки цели, кои за прв пат јасно го идентификуваат и го истакнуваат значењето на активностите кои ЕУ ќе ги презема во однос на: справувањето со заканите, градењето безбедносно соседство и воспоставувањето меѓународен поредок базиран врз ефикасниот мултилатерализам.Како што покажува самата анализа, во рамките на оваа стратегија предвиден е дводимензионален стратегиски пристап на ЕУ, посебно во однос на првите две цели. Конкретно, првата димензија се однесува на т.н. мек безбедносен пристап или дејствувањето во насока на унапредување и целосно почитување на меѓународните договори во безбедносната сфера, како и во насока на политичко решавање на тензиите и споровите кои произлегуваат од оваа сфера, додека, втората димензија ја предвидува употребата и на присилни мерки и активности (во согласност со Глава VII од Повелбата на ООН и во согласност со меѓународното право), доколку активностите во рамките на првата димензија не бидат успешни.

Следниот значен аспект произлегува од фактот дека Стратегијата претставува значаен чекор напред и во намерата на Унијата за зголемување и унапредување на сопствениот безбедносен потенцијал и влијание, како

на регионално, така и на меѓународно ниво. Оттука, по 2003, ЕУ почнува да манифестира континуиран и активен стратегиски пристап во безбедносната сфера, а потврда за тоа, меѓу другото се и: Извештајот за имплементација на стратегијата за безбедност во Европа: Гарантирање на безбедноста во променлив свет (2007), Глобалната стратегија за надворешна и безбедносна политика на ЕУ (2016), Безбедносната стратегија на ЕУ: поврзување на точките во нов безбедносен екосистем (2020 – 2025) и Стратешкиот компас за безбедност и одбрана (2022).

Следната констатација е дека за разлика од пред 20 години, денес ЕУ манифестира поодлучувачка одговорност и капацитети за стратегиско проектирање и позиционирање во однос на актуелното динамично безбедносно опкружување, што се потврдува и со актуелниот Стратегиски компас за безбедност и одбрана, усвоен во сложени и предизвикувачки безбедносни услови и предизвици за европската безбедност.

Всушност, несомнено е дека како резултат на новото безбедносно опкружување, ЕУ повторно мора да биде подготвена за воен конфликт од големи размери, како и за ефикасно дејствување во заштитата на европската безбедност, вредности и принципи. Во оваа насока, сè поизразени стануваат идејата и потребата за автохтони европски вооружени сили и за рестартирање на инвестициите во воената индустрија. Тоа, меѓу другото и поради фактот дека новото безбедносно опкружување откри сериозни слабости во европските колективни одбранбени капацитети, па оттука, последиците од континуираната неактивност на овој план би можеле да бидат катастрофални.

Сепак, тука не станува збор само за можноста од потенцијално проширување на актуелните воени дејства, туку во прашање се доведени и самите принципи врз кои се базираат и се градат меѓународните односи. Несомнено е дека ЕУ презеде низа активности на овој план, како: економски и политички санкции за Русија, масовна поддршка за Украина, вклучувајќи (за прв пат досега) и финансирање на испорака на воена опрема на земја (Украина) под напад и градење широка меѓунардона коалиција за поддршка на Украина и за враќање на меѓународната легалност. Ваквото, т.н. геополитичко будење на Унијата, потребно е да биде трансформирано и во подолготраен и издржан стратегиски став и проекција, кој како што покажува и анализата во трудот, зацртан е токму во последната безбедносна стратегија од 2022 година. Како и да е, поставената цел на Стратегискиот компас е да го насочи потребниот развој на безбедносната и одбранбената агенда на Унијата до 2030 година. Следните пет години, ќе потврдат дали оваа последна безбедносна стратегија ќе успее ефикасно да ги поврзе сите неопходни аспекти за изградба на одржлив, автохтон европски безбедносен идентитет и систем, отпорни на идентификуваните безбедносни закани и ризици.

**БИБЛИОГРАФИЈА:**


- Георгиева, Л. (2010). Европска безбедност. Скопје: Филозофски факултет.
- Георгиева, Л. (2015). Заедничка безбедносна и одбранбена политика на Европската Унија. Скопје: Филозофски факултет.
- Нацев, З. &Петрески, Т. (2013). Стратегиски проекции на Република Македонија во надворешната и безбедносната политика. Кочани: Европа 92
- A Secure Europe in a Better World, European Security Strategy (2003). Retrieved from: https://op.europa.eu/en/publication-detail/-/publication/d0928657-af99-4552-ae84-1cbaaa864f96/
- A Global Strategy for the European Union's Foreign and Security Policy (2016). Retrieved from: https://www.eeas.europa.eu/eeas/global-strategy-european-unions-foreign-and-security-policy_en
- A Strategic Compass for Security and Defence – For a European Union that protects its citizens, values and interests and contributes to international peace and security (2022). Retrieved from: (https://www.eeas.europa.eu/sites/default/files/documents/strategic_compass_en3_web.pdf)
- Aggestam, L. (2008). New actors, new foreign policy: EU and enlargement. In: Smith, S., Hadfield, A., Dunne, T. (eds.) Foreign Policy – Theories, Actors, Cases. Oxford: Oxford University Press.
- Buzan, B., Kelstrup, M., Lemaitre, P., Tromer, E., Weaver, O. (1990). The European Security Order Recast. London: Pinter.
- Dalby, S. (2010). Critical Geopolitics and Security. In Burgess, P. (eds.), The Routledge Handbook of New Security Studies. London: Routledge
- Eeckhout, P. (2011). External Relations of the European Union. Oxford: Oxford University Press.
- Nelsen, F. B. & Stubb, A. (2014). The European Union: Readings on the Theory and Practice of European Integration. Boulder, CO: Lynne Rienner Publishers.
- McCrormick, J. & Olsen, J. (2013). The European Union: Politics and Policies. Boulder, CO: Westview Press.
- Merlingen, M. & Ostrauskaite, R. (2010). European Security and Defence Policy – An Implementation Perspective. London: Routledge.
- Merlingen, M. (2012). European Security and Defence Policy: What It Is, How It Works, Why It Matters. Boulder, CO: Lynne Rienner Publishers.